Врз основа на членовите 4, 16 и 18 од Законот за здруженија и фондации (Сл. весник бр. 52/10 и 135/11) основачкото собранието на Македонското здружение за лифтови, на седницата одржана на 09. 01.2015 година, го донесе следниот

# СТАТУТ

# НА
# МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЛИФТОВИ
# Скопје

## I
## Основни одредби

Член 1

Со овој статут се регулираат одредбите за називот, за седиштето, за застапувањето, за целите и дејностите со кои се остваруваат целите; за обезбедување јавност на работата на Здружението; за членството и членарината; за правата и обврските на членовите; за условите и начинот на избор и отповикување; за траењето на мандатот и за одговорностите на членовите; за имотот, средствата и располагањето со можната добивка; за начинот на стекнувањето имот и средства; за престанокот на постоењето, како и за постапката во однос на имотот и средствата во случај на престанок на постоењето на Здружението.

Член 2

| | |
|---|---|
| Назив на Здружението е: | МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЛИФТОВИ Скопје |
| Скратен назив на Здружението е: | МЗЛ Скопје |
| Називот на Здружението на англиски јазик: | Macedonian Lift Association |
| Скратен назив на здружението на англиски јазик: | MLA |
| Седиште на Здружението е: | ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 39, локали 4-9, 1000 Скопје |

Член 3

Македонското здружение за лифтови стекнува својство на правно лице со денот на уписот во Регистарот на здруженија на граѓани и фондации кој го води Централниот регистар на Република Македонија.

МЗЛ Скопје (во натамошниот текст МЗЛ) е формирана преку слободно здружување и претставува доброволна, невладина, непартиска и непрофитна организација, а доколку во своето работење оствари добивка таа ќе биде употребена исклучиво за остварување на целите и активностите на Здружението.

Член 4

Здружението има печат и штембил.

Печатот е во кружен облик со вишан текст покрај работ кој гласи: МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЛИФТОВИ Скопје. Во средината на печатот пишува: МЗЛ.

Штембилот е во правоаголен облик и со следниот текст: МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЛИФТОВИ Скопје и со место за број и датум.

Член 5

Здружението го застапува Претседателот и Потпретседателот. Собранието може да овласти и други членови да го застапуваат Здружението.

## II
## Цели и дејности на здружението

Член 6

Целите на МЗЛ се здружување на правни и физички лица од областа на дејноста на лифтовите, ескалаторите и подвижните ленти (во понатамошниот текст: лифтовите) во интерес на унапредувањето на системот на квалитет при проектирањето, производството, вградувањето, оценувањето на сообразноста според важечките прописи, вршењето на периодични технички прегледи и во интерес на придружувањето кон европскиот пазар и користењето на заедничките ресурси и потенцијали.

Своите цели и дејности МЗЛ ги остварува преку утврдена Програма за работа.

Член 7

Дејностите на Здружението се:

- Организација на стручни советувања, семинари, обуки, предавања и собири заради меѓусебно известување, заземање ставови за прашања од заеднички интерес и размена на искуства,
- Заеднички настапи пред државните регулаторни тела при донесување прописи,
- Пристапување и учество во работата на европските и меѓународните институции и организации,
- Стручна и техничка поткрепа на: проектантите, производувачите, вградувачи (монтажерите), телата за оценување на сообразноста, телата за вршење на технички прегледи и одржувачите на лифтовите (сервисерите) во примената на системот за управување со квалитетот заради обезбедување квалитет на проектирањето, производството, вградувањето, оцената на сообразност, испитувањето, мерењето и одржувањето,
- Известување и размена на информации и искуства меѓу членовите,
- Статистика за несреќи и повреди во врска со користењето, со монтажата и сервисот на лифтовите,
- Статистика за опремата и услугите што се однесуваат на лифтовите,
- Известување на јавноста за работата на здружението и јакнење на свеста на корисниците за важноста на севкупното подрачје на вертикалниот транспорт, а посебно за потребата за обезбедување, за одржување и подобрување на безбедноста на лифтовите,
- Соработка со надлежните тела на државната управа (телата на: Министерството за економија, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски и Инспекцискиот совет), со надлежните државни инспекторати (Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот

инспекторат за труд и Државниот пазаришен инспекторат), со Институтот за стандардизација на РМ, со Институтот за акредитација на РМ, со Бирото за метрологија на РМ, со стопанските комори, со трговските друштва и другите стручни институции,

- Издавање на гласило за известување на работата на Здружението и неговите членови,
- Издавање технички документи на Здружението за заедничките ставови во врска со техничките прашања,
- Издавање научни и други стручни публикации со кои се придонесува во услужната, производствената и истражувачката дејност како и во науката од подрачјето на дејноста на Здружението,
- Поврзување во работата со научно-наставните институции врз основа на заеднички интерес.

Член 8

Работата на Здружението е јавна. Јавноста на Здружението се остварува на начини утврдени со Статутот и тоа:

- Со навремено известување на членството за работата на Здружението и за значајните случувања, по писмен пат, на посебни собири или на друг совместен начин и
- Преку медиумите.

## III
## Членство во здружението

Член 9

Членови на Здружението можат да бидат:

- Правни и физички лица кои се деловно поврзани или се заинтересирани за подрачјето на лифтовите и
- Други правни и физички лица по одлука на Собранието, а на предлог на Управниот одбор.

Член 10

Статусот на членовите на Здружението може да биде:

- Редовен или
- Придружен.

Редовните членови се правни и физички лица според членот 9, регистрирани на подрачјето на Република Македонија.

Придружни членови се тела на државната управа (министерства и владини агенции), на државните инспекторати и на стопанските комори.

Член 11

Член на Здружението се станува со поднесување писмено барање за членство. Одлуката за прием во членството ја донесува Управниот одбор, а ја потврдува Собранието.

Редовен член се станува со прифаќање на одредбите на Статутот на МЗЛ како и со уписот во регистарот на членови што го води секретарот на Здружението. Регистарот на членови е јавен, а се води и се чува во седиштето на Здружението.

Придружен член на МЗЛ се станува со поднесување на писмено барање за зачленување или врз основа на писмена покана на Управниот одбор на Здружението. Одлуката за прием ја донесува Управниот одбор, а ја потврдува Собранието на МЗЛ.

Член 12

Членовите на МЗЛ плаќаат членарина.

Висината на членарината за правните и физичките лица како редовни членови и за придружните членови ја утврдува Управниот одбор, а ја потврдува Собранието.

Член 13

Членовите имаат попуст на котизацијата на сите домашни и меѓународни советувања што ги организира МЗЛ на територијата на Република Македонија. Попустот го одредува Управниот одбор на Здружението.

Член 14

Права и обврски на членовите МЗЛ се:

- Да учествуваат во остварувањето на задачите и основните цели на МЗЛ, особено во поттикнувањето на творештвото и развојот на струката,
- Да придонесуваат во спроведување на активностите на Здружението и во остварување полза за членовите,
- Да предлагаат и избираат преку овластените претставници членови за телата на МЗЛ,
- Редовно плаќање членарина,
- Да се придржуваат на одредбите на овој Статут и на одлуките на телата на МЗЛ,
- Почитување на вообичаените норми и кодекси на однесување во меѓусебните односи и на пазарот,
- Можност на покренување жалба и право на постапка за нејзино решавање на бараното рамниште во согласност со овој Статут.

Во поглед на прават и обврските сите членови на Здружението се рамноправни.

Член 15

Членството во МЗЛ престанува од следните причини:

- Со доброволно истапување,
- Поради неплаќање членарина за тековната година до истекот на годината,
- Со исклучување по сила на закон, со судска одлука или со одлука на надлежното тело на Здружението.

Член 16

Одлука за исклучување од членството донесува Претседателот на МЗЛ на предлог на Управниот одбор.

Престанокот на членството во МЗЛ се внесува во регистарот на членови со датум на одлуката на Претседателот на МЗЛ.

Исклучениот член има право во рок од 15 дена, сметано од денот на доставување на одлуката, да поднесе жалба до Собранието на Здружението.

Собранието е должно да се одреди во однос на жалбата во рок од 30 дена, сметано од денот на доставување на жалбата.

Жалбата може да се реши најдоцна при првото заседавање на Собранието на МЗЛ.
Одлуката на Собранието на Здружението за исклучување е конечна.

Член 17

Здружението може да се здружи во сојузи на здруженија и меѓународни здруженија кои имаат сродни цели и задачи, како и да се зачлени во меѓународни асоцијации врз начелото на рамноправност, реципроцитет и правична застапеност во сите тела на тие организации.

Член 18

Одлуката за зачленување во меѓународни организации ја донесува Собранието на предлог на Управниот одбор.

Одлуката за соработка со меѓународни организации и здруженија ја донесува Управниот одбор.

Член 19

За претставници, односно членови во телата на меѓународните организации и здруженија се избираат истакната стручњаци, а ги избира Управниот одбор.

# IV
# Тела на Здружението

Член 20

Тела на Македонското здружение за лифтови се:

- Собрание,
- Претседател,
- Потпретседател,
- Управен одбор,
- Надзорен одбор,
- Одделенија,
- Суд на честа.

# V
# Собрание

Член 21

Собранието е највисоко тело на управување и одлучување.

Собранието го сочинуваат сите редовни членови на Здружението.

Во Собранието секој член (правно лице) именува по еден претставник или негов заменик, на начин и според постапка што ја утврдува истиот. Членовите физички лица може да назначат свој заменик.

Член 22

Собранието ги има следните права и обврски:

- Го донесува Статутот, неговите измени и дополнувања каско и други правила и општи акти на МЗЛ,
- Донесува деловник за својата работа,
- Донесува одлука за престанок на работата на МЗЛ,
- Ја утврдува политиката на МЗЛ и мерките за нејзино спроведување,

- Ги одобрува плановите и програмата за работа,
- Го одобрува финансискиот план,
- Ја одобрува завршната сметка,
- Ги избира членовите на Управниот одбор,
- Го избира претседателот на МЗЛ кој е воедно претседател на Управниот одбор,
- Потврдува прием во членство,
- Одлучува за исклучување од членството во МЗЛ,
- Доделува признанија на членови и поединци за особен придонес во остварувањето на целите и задачите на МЗЛ,
- Ги разгледува и одлучува за извештијата на избраните тела и судот на честа,
- Одлучува за здружување во други здруженија,
- Врши и други работи и задачи во согласност со Законот, со овој Статут и со други општи акти.

Член 23

Собранието може да биде редовно, изборно или вонредно. Собранието редовно заседава еднаш во текот на годината, додека изборната седница на Собранието се одржува на секои 4 години.

Седницата на Собранието ја свикува Претседателот на Здружението по сопствена иницијатива.

Во одлуката за свикување на Собрание Претседателот го утврдува дневниот ред на седницата, како и денот и местото на нејзиното одржување.

Претседателот е должен да свика седница на Собранието кога тоа ќе го побара најмалку 1/3 од членовите на Здружението.

Во своето барање за свикување Собрание предлагачите се обврзни да предложат дневен ред на седницата.

Доколку Претседателот не свика седница на Собранието во рок од 15 дена од денот на доставката на барањето, ќе ја свика предлагачот (одлуката треба да содржи предлог на дневниот ред, како и ден и место на одржување на седницата).

Член 24

Со Собранието претседава Претседателот на Здружението. Во отсутност на Претседателот седницата ја води Потпретседателот.

За работата на седницата се води записник што трајно се чува во архивата на Здружението.

Член 25

Собранието одлучува легитимно ако е присутно просто мнозинство од вкупниот број на членови, а одлуките ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови.

Ако не е присутна најмалку половина од сите членови на Собранието, седницата се одложува за 30 минути и потоа започнува со работа независно од бројот на присутните членови.

Легитимни одлуки на така одржаната седница се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

Одлуките се донесуваат со јавно гласање освен доколку Собранието не одлучи поинаку.

Во работата на Собранието можат да учествуваат придружните членови и другите повикани лица, но без право на одлучување.

Член 26

Доколку претставник на член на Собранието или негов заменик не се во можност да присуствуваат на седницата на Собранието, своето право на гласање можат да му го пренесат на друг претставник на член на Собранието по пат на писмено овластување.

Одделен претставник може да има право на најмногу два гласа.

Член 27

Собранието може да ги разреши телата што ги избира и пред истекот на нивниот мандат доколку ги пречекорат нивните овластувања или не ги извршуваат совесно обврските што им се доверени.

Доколку разрешува цело тело, Собранието избира ново со полн мандат, а доколку разрешува поединечни членови на тело, Собранието избира нови членови за период до истекот на мандатот на претходно избраниот состав.

## VI
## Претседател

Член 28

Претседателот на МЗЛ го бира собранието од своите редови со мандат од 4 години.

Претседателот на Собранието е воедно и претседател на Управниот одбор.

Претседателот, покрај правата и обврските на извршен раководител на МЗЛ, го застапува МЗЛ во земјата и странство и претседава со редовните и вонредните седници.

Во случај на спреченост тоа го прави Потпретседателот когошто тој ќе го овласти за таа цел.

Член 29

Претседателот има еден Потпретседател избран од Собранието, а на предлог на Претседателот.

Потпретседателот ги избира Собранието на Здружението со мандат од 4 година.

Член 30

Претседателот има право да именува работна група за потребите на решавање на поединечни задачи, проекти или проблеми, а која не е од траен карактер туку само до решавањето на причината за нејзиното свикување. Работната група се состои од неколку членови коишто ги именува Претседателот на МЗЛ, а за членовите и за целта на именувањето на работната група ќе го извести Управниот одбор.

Член 31

Претседателот се грижи и е одговорен за спроведување на одлуките и заклучоците на Собранието на МЗЛ и на Управниот одбор.

За својата работа им одговара на Собранието и на Управниот одбор и за својата работа на Собранието му поднесува писмен годишен извештај.

Член 32

Претседателот ма МЗЛ е одговорен за законитоста на работата на Здружението.

Доколку се утврди дека некое тело на МЗЛ донело одлука спротивна на прописите на овој Статут и на други општи акти на МЗЛ, Претседателот ќе го спречи спроведувањето

на таквата одлука се додека таа не биде во согласност со прописите, со овој Статут и другите општи акти на МЗЛ.

Член 33

Отповикување на Претседателот на МЗЛ на Собранието можат да му предложат најмалку 2/3 од членовите на Управниот одбор под услови и според постапката пропишана за отповикувања членови на Управниот одбор.

## VII
## Управен одбор

Член 34

Управниот одбор (УО) донесува план и програма на работа како и финансиски план на МЗЛ, ги утврдува и му ги предлага на Собранието предлозите на актите што му ги донесува, ги спроведува неговите одлуки и извршува други задачи утврдени со одлуките на Статутот.

Член 35

Управниот одбор го чинат претседателот на МЗЛ, Потпретседателот и по еден претставник од секое одделение. Сите членови на УО се избираат од составот на Собранието. Управниот одбор го сочинуваат најмногу 7 членови.

Мандатот на Управниот одбор трае 4 години.

Член 36

Седниците на Управниот одбор се одржуваат најмалку два пати годишно.

За легитимно одлучување потребна е присутност на мнозинство на членовите, а легитимни одлуки се донесуваат со мнозинство гласови на Управниот одбор.

Доколку член на Управниот одбор не е во можност да присуствува на седницата, своето право на глас може да му го пренесе на друг член на Управниот одбор по пат на писмено овластување.

Поединечен член на Управниот одбор може да има право на најмногу два гласа.

Другите прашања со начинот на свикување, на подготовка, на водење, на гласање и спроведување на одлуките се пропишува со Правилникот за работа на УО.

Член 37

Претседателот на МЗЛ е должен да свика вонредна седница на Управниот одбор на барање на 1/3 од членовите на УО или 1/3 од членовите на Собранието на МЗЛ.

Член 38

Член на УО може да биде разрешен од должноста и пред истекот на мандатот доколку:

- Самиот побара разрешување,
- Не ги исполнува должностите на член,
- Со своето однесување го повреди угледот на должноста што му е доверена,
- Го повреди Етичкиот кодекс на Здружението.

Постапката за утврдување на условите за разрешување на член на УО може да ја покренат претседателот на УО или најмалку 1/3 од неговите членови.

## VII
## Секретаријат

Член 39

За управување со активностите на извршување на програмната, како и за извршување на стручни, административно-технички и финансиско-сметководствени работи во МЗЛ се организира Секретаријат како стручна служба со чијашто работа раководи главниот секретар.

Во секретаријатот може, зависно од потребите на работа, а врз одлука на УО, да се вработат стручни лица со договор за постојано или привремено вработување.

Главниот секретар и другите вработени во Здружението примаат плата за својата работа согласно со законските одредби, општите акти на МЗЛ и УО.

Член 40

Главниот секретар е носител на стручните работи за телата на МЗЛ.

Главниот секретар ги има следните права и обврски:

- Го води регистарот на членови и ги ажурира сите промени во членството на Здружението,
- Одговорен е за имотно-правното работење,
- Одговорен е за водење и чување на сите административни акти и документацијата,
- Се грижи за вработените и одговара за нивната работа,
- Ги подготвува договорите за работење врз основа на одлуките на органите на МЗЛ,
- Организира извршување на одлуките на телата на Здружението,
- Подготвува материјали и документација за седниците,
- Организира водење записник односно изработка на заклучоци од седниците на телата на МЗЛ,
- Ги координира и надгледува сите активности во однос на собирите и изданијата на МЗЛ,
- Ги усогласува активностите на сите работни тела на Здружението,
- Одговорен е за редовно известување на членовите на Здружението,
- Договора работи и активности до износот што ќе го одреди УО.
- Извршува и други дејности што ќе му бидат дадени во надлежност.

Главниот секретар го именува УО со мандат од 4 години.

За својата работа главниот секретар му одговара на УО.

Доколку избраниот главен секретар не ги задоволува барањата на МЗЛ, УО го разрешува од должност и пред истекот на неговиот мандат за којшто е избран.

## IX
## Надзорен одбор

Член 41

Надзорниот одбор (НО) врши надзор и ја проверува законитоста на спроведувањето на законот, на овој Статут и на останатите акти на МЗЛ како и на одлуките на Здружението.

Надзорниот одбор врши надзор над работењето на МЗЛ и на неговите јавни активности.

Собранието од своите редови избира НО од три члена, кои избираат претседател на својата прва седница.

За својата работа Надзорниот одбор му одговара на Собранието.

Мандатот на Надзорниот одбор е 4 години.

Во извршувањето на овластувањата утврдени со овој статут, на НО мора да му биде достапна финансиската и сета друга документација, како и архивата на МЗЛ.

Надзорниот одбор, во случај на уочени неправилности, ќе го предупреди Претседателот на Собранието и Управниот одбор и ќе бара отстранување на неправилностите во одреден рок.

Во колку неправилностите не се отстранат во барaниот рок, НО ќе го извести Собранието.

## X
## Одделенија

Член 42

Одделенијата се тела внатре во МЗЛ, кои немаат правна особеност, а се сочинети од следните групи:

- Производители;
- Вградувачи и одржувачи (Монтажери и сервисери);
- Проектанти и консултанти;
- Тела за оцена на сообразност, инспекциски тела и овластени организации,

и други одделенија по потреба и според заедничкиот интерес на здружување.

Работата на одделенијата произлегува од обврските преземени со членството во МЗЛ, а е врзана со специфичните аспекти на работата и проблематиката на одредена група (одреден вид) на правното или физичкото лице. Одделенијата се состануваат по потреба, а со нивната работа раководи претседател на одделението кого членовите на одделението го избираат со мнозинство за време од 4 години.

Во рамките на секое одделение може да се основаат секции според потребите. Опсегот, целта и начинот на работата на секциите ги одредува одделението со посебен акт на Здружението

Одделенијата ги извршуваат работите врзани со едукацијата, техничките норми (стандарди), со издаваштвото и други стручни аспекти согласно со обврските преземени од членството на МЗЛ.

Одделенијата ги основа Управниот одбор.

Одделенијата се состануваат по потреба, а со нивната работа управува Раководител когошто членовите на одделението го избираат со мнозинство од присутните за време од 4 години.

# XI
# Суд на честа

Член 43

Судот на честа се грижи за почитувањето на етичките начела на Здружението. Судот на честа го чинат 3 члена на Собранието. Ги избира Собранието на предлог на УО со мандат од 4 години.

Судот на честа за својата работа и евентуалните проблеми известува на седниците на УО.

# XII
# Имот и средства и располагањето со нив

Член 44

Имотот на Здружението го чинат:

- Парични средства,
- Подвижен имот,
- Неподвижен имот и
- Други имотни права.

Член 45

МЗЛ стекнува имот од:

- членарина,
- доброволни прилози и подароци,
- спонзорства,
- дотации од пресметки,
- одржување на научни и стручни собири, стручни обуки и други активности,
- и други извори согласно со законот.

Член 46

МЗЛ управува со својот имот согласно со прописите за материјално и финансиско работење на непрофитните организации.

Сите приходи и расходи се одредуваат со финансиски план што се донесува за една календарска година и е со важност за годината за која што е донесен. Финансискиот план го донесува УО, а го одобрува Собранието.

По завршувањето на годината за која е донесен финансискиот план се составува завршната пресметка.

Завршната пресметка ја прифаќа Собранието.

Претседателот на МЗЛ има наредбодавно право во располагање со имотот и средствата на МЗЛ.

## XIII
## Статут и други општи акти

Член 47

Поттикот за донесување, за измена и дополнување, како и за толкување на Статутот и другите општи акти го дава УО, а постапката е иста како и при донесување на Статутот.

Член 48

Статутот, измените и дополнувањата на Статутот и општите акти на МЗЛ стапуваат на сила осмиот ден од денот на нивното објавување на огласната табла на МЗЛ или по електронски пат (на интернет страницата на МЗЛ) и немаат ретроактивно дејство.

## XIV
## Јавност на работата

Член 49

Работата на МЗЛ е јавна.

Јавноста на работата на МЗЛ се остварува со:

- редовно известување на членовите,
- поднесување на известија за извршувањето на програмата за работа на МЗЛ и неговите тела,
- јавно одржување на седниците на МЗЛ,
- објавување на општите акти,
- увидот на јавноста во остварувањето на целите.

За остварување на јавноста на работат на МЗЛ се одговорни телата на Здружението и главниот секретар.

## XV
## Престанок на работата на Здружението

Член 50

Здружението престанува да постои во случаи:

- предвидени со законот,
- со одлука на Собранието што ја донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Собранието на Здружението,
- ако се утврди дека МЗЛ престанал на дејствува или ако не е одржано собрание најмалку 2 години.

Член 51

Во случај на престанок на работата на Здружението, сиот имот му припаднува на правниот наследник на МЗЛ, а доколку нема таков, на членките на Здружението сразмерно на бројот на членовите.

## XVI
## Преодни и завршни одредби

Член 52

Статутот на Здружението го донесува Собранието со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Здружението по спроведената расправа.

Статутот стапува на сила од денот на неговото донесување на Собранието.

Член 53

Толкувањата на одредбите на овој Статут го дава Собранието на Здружението.

Толкувањата на другите акти на Здружението ги дава Претседателот на Здружението.

Член 54

Општите акти на МЗЛ ќе бидат донесени во рок од 6 месеци од денот на стапувањето на сила на овој Статут.

Скопје
09.01.2015

Претседател на МЗЛ Скопје

Горан Сековски